


***Сепак, изгледа дека Бугарија го претпочитала друштвото на Централните сили; можеби тие и понудиле поголем дел, бидејќи до крајот на 1915 година нејзините вооружени сили упаднале и извршиле инвазија на Македонија. Да го цитирам бугарскиот министер за војна, генерал Николаев:***

“Малку се грижиме за Британците, Германците, Французите, Русите, Италијанците, Австријците или Унгарците; наша единствена мисла е Македонија. Било која од двете групи на сили ќе ни овозможи да ја освоиме неа, ќе го има нашиот сојуз!” (Стр. 154, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Додека Србите биле ангажирани на нивната северна граница, Грците дебатирале на која страна да се приклонат. Двоумењето или “националниот раскол”, како што подоцна бил наречен, лежело во разликите кои испливале на површина помеѓу грчкиот премиер

Венизелос и грчкиот крал Константин I за тоа на која страна да и се придружат.

Венизелос бил силен следбеник на Антантата и, по само неколку дена од избувнувањето на непријателствата, бил спремен да понуди грчките трупи да се борат заедно со трупите на Антантата. Од друга страна, кралот Константин, не ја споделувал ревноста на Венизелос и верувал дека на грчката политика најдобро ќе и служи ако Грција остане неутрална. Но, поради тоа што бил оженет со Софија, сестра на Кајзер Вилхелм II, го предиспонирало Константин да се приклони кон Централните сили. Натегнувањето помеѓу премиерот и кралот го поделил грчкиот народ на два табора и земјата запаѓала во состојба на виртуелна граѓанска војна.

Бидијќи имал овластување да го стори тоа, Константин го заменил Венизелос со еден прогермански премиер и повикал на избор за да стави крај на ќорсокакот. За несреќа на кралот, Венизелос, уште еднаш, излегол како победник со огромно мнозинство. Бугарскиот напад врз Србија, поради грчкосрпскиот договор, ја предиспонирало Грција да и’ понуди помош на Србија. Кралскиот табор одбил да се согласи, врз основа на тоа дека не била само Бугарија која ја извршила агресијата, и инсистирал да се зачува неутралноста.

Венизелос го свикал Парламентот и добил поддршка да исprати грчки трупи да се борат заедно со Србите и да им дозволи на трупите на Антантата да се истоварат во солунскиот регион. Венизелос повторно бил присилен да поднесе оставка. “Без разлика на уставната исправност или неисправност на ситуацијата, втората оставка на Венизелос на 5 октомври 1915 година означила целосен прекин на односите помеѓу кралот и неговиот избран премиер.

Но, Британија и Франција, се’ уште не ја отпишале Грција како изгубена и полагале надеж во Венизелосовиот наследник, Александар Заимис /Alexander Zaimis/, за можноста да се откажат од Кипар во корист на Грција за возврат за помош на Србија, чии сили сега биле под силен притисок.” (Стр. 109, Ричард Клог, “Кратка историја на современа Грција” /Richard Clogg, A. Short History of Modern Greece/).


A Concise History of
GREECE
Richard Clogg
THIRD EDITION
CAMBRIDGE


C. M. Woodhouse
Modern Greece
A Short History

[illegible]


ПРВИ СВЕТСКИ РАТ
1914 – 1918.



**РИСТО СТЕФОВ□ И**



**СЛАВЕ КАТИН**